Сведоци сме на барањата на современите и развиените општествени системи, барањата на заинтересираните страни за обезбедување на квалитет во сите сегменти на работењето и живеењето.

За таа цел покрај почитувањето на општествените правила и релевантната законска регулатива САРДИЧ МЦ ДООЕЛ и КОППЕР ИНВЕСТМЕНТС АД своето работење го темелат на воведување на Интегриран систем за имплементација на следните меѓународни стандарди:

- Систем за управување со квалитет согласно ISO 9001:2015;
- Систем за управување со животна средина ISO 14001:2015;
- Систем за управување со здравје и безбедност при работа OHSAS 18001:2007.

Покрај горенаведените стандарди САРДИЧ МЦ ДООЕЛ ќе имплементира систем за управување со квалитет според барањата на стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2006 за компетентност и акредитација на лабораторија за тестирање на Хидро-металуршко рударски комбинат “Казандол” Општина Валандово.

Интегрираниот систем има за цел да ги специфицира условите кои што САРДИЧ МЦ ДООЕЛ и КОППЕР ИНВЕСТМЕНТС АД треба да ги исполнат со цел да покажат дека има правилен систем за управување со квалитет, животна средина и безбедноста и здравје при работа.

Целта на Друштвата е да дадат максимално квалитетни услуги, на задоволство на корисниците на нивните услуги и задоволување на нивните барања, како и усогласување на работата според барањата од надлежните органи како и запазување на најдобрите практики во процесите, унапредување на постојните системи и воведување нови системи.



